# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ЈАНУАРИ - МАРТ, 2024

Во петтиот квартал од спроведувањето на проектот „Унапредување на заштитните механизми за бесплатна правна помош и говор на омраза во Република Северна Македонија“, поддржан од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија, правните советници на Хелсиншкиот комитет ги регистрираа следните податоци и ги воочија следните трендови:

**ПОЛ**

42 29

**ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ**

| Македонци | Албанци | Срби | Роми | Турци | Странци |
|---|---|---|---|---|---|
| 55 | 7 | 1 | 5 | 2 | 1 |

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛИТЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

За периодот за кој се известува, вкупно 71 граѓанин се обрати со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет.

Во делот на половата структура на барателите, 42 баратели беа жени, а 29 беа мажи. Видно од етничката припадност на барателите, 55 беа Македонци, 7 Алабанци, 5 Роми, 2 Турци, 1 Србин и 1 странски државјанин со дозвола за престој.

Видно од местото на живеалиште или престојувалиште на барателите, најголем број беа од Скопскиот регион (53), додека од останатите географски региони беа со едноцифрен број на баратели, и тоа: Вардарски (3); Полошки (4); Пелагониски (5); Југозападен (1); Североисточен (1); Источен (4) и Југоисточен (0).

**ГЕОГРАФСКИ РЕГИОНИ**




## 2. ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

| Број | Област |
|---|---|
| 9 | ИМОТНО ПРАВО |
| 8 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ОСИГУРУВАЊЕ |
| 4 | ЗАШТИТА НА ДЕЦА |
| 2 | ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ |
| 3 | ЗДРАСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА |
| 18 | РАБОТНИ ОДНОСИ |
| 6 | РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО |
| 5 | СТАТУСНИ ПРАШАЊА |
| 6 | ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
| 10 | ДРУГИ |

Во петтиот квартал од проектот, доминираа барањата за бесплатна правна помош во врска со правни прашања особено во областа на работните односи, а потоа следуваа правни прашања од областа на имотното право, социјалната заштита, семејните односи итн.

Во делот имотното право, доминираа правните прашања во врска со приватизација/легализација на градежно земјиште, долготрајни управни постапки за денационализација, како и за уписи на сопственоста во катастарот на недвижности.

Барањата за бесплатна правна помош во врска со правни прашања во областа на социјалната заштита и семејното насилство, иако во помал обем беа застапени, сепак за периодот за кој се известува, беа меѓусебно поврзани на начин што жртвите на семејното насилство едновремено беа лица во социјален ризик.

Сепак, во периодот за кој се известува, доминираа барањата за бесплатна правна помош во областа на работните односи. Тие во најголем обем се однесуваа на правни прашања во врска со вознемирување на работно место (мобинг), непријавена работа, задоцнета исплата на плати или регрес за годишен одмор, неплатена прекувремена работа, прашања во врска со синдикално членување, здравствено и социјално осигурување за време на породилно отсуство или боледување, непочитување мерки за безбедност и здравје при работа, до правни прашања во врска со врачени откази на договорите за работа без отказен рок.


„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА



Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.